КОМОРА НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ
НА МАКЕДОНИЈА

СТОПАНСКА КОМОРА
„СМЕТКОВОДСТВЕНА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА"
Бр. 03-155-18
04.10.2018 год.
Скопје

**До: Министерство за финансии**
**Ул. Даме Груев бр. 12**
**1000 Скопје, Република Македонија**

**За: д-р Драган Тевдовски, Министер за финансии**

**Копија до: г. Зоран Заев, Претседател на Влада на Република Македонија**

**Предмет: Спорен предлог нов Закон за вршење на сметководствени работи**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| | 05-10-2018 | | |

Почитуван г. Тевдовски,

Би сакале да Ве информираме дека Комората на Сметководители на Македонија на 03.10.2018 година одржа работен состанок со сите најголеми и најрелевантни консултантски компании од сферата на финансии во врска со новиот предлог Закон за вршење на сметководствени работи, за кој не беа консултирани засегнатите страни во процесот на неговото креирање.

Целта на овој работен состанок беше дополнително да се дискутира и со консултантските компании како засегнати страни во овој закон и да се изгради заеднички став по однос на новиот предлог Закон за вршење на сметководствени работи.

Во оваа насока, Ве известуваме дека врз основа на дијалог, на состанокот беше донесен заеднички став, а тоа е целосно повлекување на новиот Закон за вршење сметководствени работи од ЕНЕР, бидејќи законот е подготвен на нетранспарентен начин односно без претходна консултација на засегнатите страни, стручната јавност и компаниите вршители на дејност. Присутните побараа да се работи сериозно со квалитетен пристап на предлози кои се поткрепени со анализа, но на постоечкиот Закон за вршење на сметководствени работи за истиот да биде применлив за сите релевантни фактори согласно овој Закон.

Согласно сите меѓународни правила и најдобри практики, во процесот на креирање на нова регулатива неопходна е вклученост на сите засегнати страни како и образложение врз основа на што институциите ги подготвуваат предложените измени, што не е случај при креирање на предлог новиот Закон за вршење на сметководствени работи.

Ве известуваме и дека сите присутни на состанокот, кои се најрелевантни засегнати страни од носењето на новиот закон, едногласно се согласија и заклучија

дека наместо избрзано да се донесе нов закон на нетранспарентен начин, потребно е Министерството за финансии да вложи напори и се насочи кон унапредување на постоечкиот закон со подготовка на соодветни измени направени со широка јавна расправа со кои ќе се отстранат досегашните согледани недостатоци во пракса од истиот и истовремено деблокирање на процесите кои се однесуваат на избор на нови членови на УО и претседател на ИСОС.

За сите дополнителни информации, Ве молиме Вашите стручни служби да не контактираат на телефон: 02 3091 440 или на е-маил: smetkovodstvena@sojuzkomori.org.mk.

Со почит,

СТОПАНСКА КОМОРА „СМЕТКОВОДСТВЕНА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА" СКОПЈЕ

_______________________
Драган Митковски
Претседател
Сметководствена комора на Македонија

*Подготвил:* ______

*Контролирал:* ______